# „За подобро ментално здравје на младите”

**Здружение ДОВЕРБА-Куманово**
**www.doverbaku.org.mk**

**Проектот има за цел да ја подигне свеста за важноста на медиумска писменост за менталното здравје кај младите, односно:**

- **да ги поттикне граѓаните заедно со медиумите да го актуелизираат проблемот во пошироката јавност;**
- **да ги анимираат надлежните институции заедно со младите, родителите, наставниците, стручните служби, да преземат мерки со кои ќе им се помогне на младите ефикасно да се справуваат со психолошките проблеми.**

**Училишта кои учествуваат во проектот:**

- **СОУ „Перо Наков” Куманово**
- **СОУ „Гоце Делчев” Куманово**
- **ОСТУ „Наце Буѓони” Куманово и**
- **Новинари од Радио Бум Куманово.**

**Медиумски писмените граѓани се свесни за содржините кои ги користат, за начинот на кој пристапуваат до нив, за тоа кој ги креирал тие содржини и со каква цел. Тие размислуваат критички и ги користат мудро, етички и ефективно.**






Гимназија „Гоце Делчев“ Куманово

СОУ „Перо Наков“ „Наце Буѓони“

Техничко училиште „Наце Буѓони“

Радио Бум Куманово

Проектот: „Писменост за вести и дигитална писменост - Справување со лажните вести” е финансиран од Европската Унија

**Медиумската писменост** е способност за пристапување, разбирање, анализирање и критичко оценување на различните медиуми и медиумски содржини, како и за создавање и споделување содржини преку различни комуникациски платформи.

Младите треба да научат критички да им пристапуваат, да ги анализираат и да ги оценуваат различните информации кои доаѓаат до нив преку многу разновидни извори, со што можат да станат идни **активни граѓани во општеството, а не само пасивни конзументи на медиумските пораки.**

Секоја информација која е објавена на традиционалните или на новите медиуми треба внимателно да се анализира и да се провери. Затоа кога следи некаква медиумска содржина, еден медиумски писмен човек треба да си ги постави следните прашања:

- **Кој ја создал оваа информација?**
- **Кои техники се употребени за да се привлече моето внимание?**
- **Кои вредности се претставени преку оваа содржина?**
- **Како различни луѓе ја толкуваат оваа содржина?**
- **Со која цел е испратена оваа порака?**




## ИСТРАЖИ ГО ИЗВОРОТ НА ИНФОРМАЦИЈАТА

*Оваа публикација е поддржана преку проектот „Писменост за вести и дигитална писменост - Справување со лажните вести“, што го спроведуваат Македонскиот институт за медиуми, Институтот за комуникациски студии и Институтот за медиуми и различности од Лондон, со финансиска поддршка од Европската Унија.*
*Содржините во публикацијата се единствена одговорност на авторот и на ДОВЕРБА - Куманово, и во никој случај не може да се смета дека ги одразуваат ставовите на Европската Унија.*

Проектот е финансиран од Европската унија